**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**

# ВОДИЧ

## ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ –ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Универзитетската школа на докторски студии започна со работа во академската 2011/2012 година, со воведување нов концепт на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Сите податоци и информации поврзани со Универзитетската школа на докторски студии се објавени на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во делот Школа на докторски студии.

Докторските студии на „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се реализираат во согласност со правилата на Болоњскиот процес и со европскиот кредит-трансфер систем што овозможува нивна меѓународна препознатливост и можност за интердисициплинарни научни истражувања. Студиските програми за докторски студии ги опфаќаат голем број на научни области во сите научноистражувачки подрачја, односно научно-истражувачки полиња од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација: природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки; хуманистички науки и уметности.

Дел од докторските студии се организираат и како интердисциплинарни студиски програми во кои учествуваат повеќе факултети/институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Докторските студии имаат за цел:

- унапредување на научноистражувачката, уметничката и стручната работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- пренесување знаења на новите генерации;
- оспособување кадар кој самостојно ќе води оригинално научно истражување;
- развивање на нови технологии и уметнички проекти и
- интернационализација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Докторските студии се реализираат од страна на факултетите, научните институти и јавните научни установи - придружни членки на Универзитетот, согласно со Законот за високото образование, студиските програми и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година (Правилник) .

Согласно преодните и завршните одредби, сите запишани студенти до влегувањето во сила на овој Правилник, продолжуваат да студираат според структурата на студиските програми на кои се запишале. За сите предмети/активности во студиската програма се доделуваа толку ЕКТС-кредити, колку што е предвидено во студиската програма на која студентот се запишал.

Докторските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се координира од Универзитетски стручен совет за докторски студии, што се формира од страна на Универзитетскиот сенат и брои 11 членови од сите научноистражувачки подрачја. Со Универзитетскиот стручен совет на докторски студии претседава проректорт за настава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Стручните, административните и техничките работи за потребите на Универзитетскиот стручен совет за докторски студии се вршат од страна на Стручната служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За секоја студиска програма, факултетот/институтот има Совет на студиската програма. Советот на студиската програма го сочинуваат лица, избрани во наставно-научни и научни звања на факултетот/институтот, акредитирани во студиската програма.

Стручните, административните и техничките работи за потребите на студиската програма се вршат од страна на Стручната и административна служба на факултетот/институтот.

Активностите на Универзитетската школа на докторски студии се пропишани со годишен Академски календар .

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **I. КОНКУРС И УПИС НА СТУДЕНТИ** | **3** |

1. Постапката за донесување и објавување на конкурсот
2. Пријавување на кандидатите
3. Прелиминарна листа на примени кандидати
4. Конечна листа на примени кандидати
5. Запишување на студентите и начин на студирање

| | |
|---|---|
| **II. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА** | **5** |

1. Организирана академска обука
2. Независен истражувачки проект за изработка на докторскиот труд под менторство (докторски проект)
3. Меѓународна мобилност
4. Предавања и друг вид комуникациски активности
5. Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири
6. Изработка и јавна одбрана на докторски труд

| | |
|---|---|
| **III. ПРЕДАВАЊА И РАБОТИЛНИЦИ** | **10** |
| **IV. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИ ТРУД** | **10** |

1. Пријава на докторски труд
2. Изработка на докторски труд
3. Јавна одбрана на докторскиот труд

| | |
|---|---|
| **V. МЕНТОР** | **14** |
| **VI. СТУДИРАЊЕ** | **15** |

1. Рок за завршување на студиите
2. Измена на студиската програма
3. Мирување на докторските студии
4. Изгубен статус студент на докторски студии
5. Студент гостин
6. Студентска анкета

| | |
|---|---|
| **VII. НАУЧЕН НАЗИВ И ДИПЛОМА** | **16** |

# I. КОНКУРС И УПИС НА СТУДЕНТИ

Запишувањето нови студенти на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се врши врз основа на јавен конкурс, кој го објавува Универзитетот, по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Конкурсот се објавува во најмалку два дневни весника и на веб страницата на Универзитетот, во делот на Универзитетската школа за докторски студии (Конкурс). Исто така, конкурсот се објавува и на веб страниците на факултетите/институтите на Универзитетот. Конкурсот може да биде објавен и на англиски јазик.

## 1. Постапката за донесување и објавување на конкурсот

Бројот на студентите кои се запишуваат на студиската програма од трет циклус студии е усогласен со бројот на слободни места на акредитираните ментори, во согласност со кадровските, просторните, техничките и другите можности на Универзитетот и на факултетите/институтите. Конкурсот се објавува најмалку 5 месеци пред започнувањето на наставата.

## 2. Пријавување на кандидатите

Пријавувањето на кандидатите се врши електронски, со испраќање на електронска пошта (e-mail) на две електронски адреси кои се објавуваат во конкурсот за запишување. Кандидатот кој се пријавува на Конкурсот, ги поднесува следните документи во скенирана форма на двете електронски адреси:

1. пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира (Образец О1-ПК-Пријавен лист за конкурирање);
2. писмо за мотивација со назначување на областа на истражување;
3. првична согласност на ментор од листата на ментори (Образец О2-ПСМ-Првична согласност на ментор);
4. кратка биографија;
5. уверение за положени испити од прв циклус студии односно од додипломски студии;
6. уверение за положени испити од втор циклус студии односно од постдипломски студии;
7. диплома од прв циклус студии односно од додипломски студии;
8. диплома од втор циклус студии односно од постдипломски студии;
9. сертификат/ уверение за познавање на англиски јазик;
10. кандидатите, кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус) го завршиле во странство, доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценките, доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија.

## 3. Прелиминарна листа на примени кандидати

По завршувањето на конкурсот, факултетот/институтот ја објавува прелиминарната листа на примени кандидати на докторски студии, за секоја студиска програма. За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, се објавува посебна листа.

Листите се објавуваат на интернет страницата на факултетот/институтот.

Прелиминарната листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите се утврдуваат од страна на Советот на студиската програма.

Кандидатите имаат право на приговор по листата во рок од 36 часа. Приговорот се поднесува во писмена форма до Советот на студиската програма. Советот на студиската програма донесува конечна одлуката во рок од 36 часа.

## 4. Конечна листа на примени кандидати

По завршувањето на постапката по приговорите, Советот на студиската програма доставува листа на примени кандидати до Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.

Универзитетскиот стручен совет за докторски студии ја утврдува конечната листа на примени кандидати и ја објавува на интернет страницата на Универзитетот со код.

Утврдената листа на примени кандидати е конечна.

## 5. Запишување на студентите и начин на студирање

Запишувањето на студентите се врши на факултетот/институтот.

При запишувањето, кандидатите треба ги поднесат на факултетот/институтот, во оригинал или фотокопија заверена на нотар, сите документи кои ги доставиле преку електронска пошта во скенирана форма, заедно со:

1. индекс и пријавни листови;
2. фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3);
3. потврда за уплатена прва рата од школарината;
4. конечна согласност од менторот (Образец О3-КСМ-Конечна согласност од ментор);
5. пријава за избор на предмети за академска обука (Образец О5-ПАО-Пријава за избор на предмети за академска обука);
6. согласност на студентот за електронска комуникација (О27 – СЕК - Образец за согласност на студентот за електронска комуникација).

При запишувањето, студентите потпишуваат договор за студирање. Договорот го потпишува раководителот на студиската програма, деканот/директорот на на факултетот/институтот и студентот (Образец О4-ДС-Договор за студирање).

Сите студенти запишани на докторските студии се внесуваат во системот за управување со студенти iKnow и треба да имаат регистриран профил во репозиториумот на УКИМ.

Стручните, административните и техничките работи во текот на студирањето се остваруваат на факултетот/институтот, организатор на студиската програма на која е запишан студентот.

Ако студиската програма е организирана од две или повеќе факултети/институти, договорот за студирање се потпишува од кораководителот на заедничката студиска програма и деканот/директорот на факултетот/институтот во која е раководителот на студиската програма.

Стручните, административните и техничките во текот на студирањето на студиската програма која е организирана од две или повеќе факултети/институти се остваруваат на факултетот/институтот во која тоа е определено, согласно со договорот за воведување заедничка студиска програма.

## II. СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Докторските студии опфаќаат активна истражувачка работа под менторство, траат најмалку три години и носат 180 ЕКТС-кредити.

Студиската програма се состои од следните од следните елементи:

1. Организирана академска обука (42 ЕКТС-кредити);
2. Независен истражувачки проект за изработка на докторскиот труд под менторство (докторски проект) (41 ЕКТС-кредит);
3. Меѓународна мобилност (6 ЕКТС-кредити);
4. Предавања и друг вид комуникациски активности (18 ЕКТС-кредити);
5. Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири (27 ЕКТС-кредити);
6. Изработка и јавна одбрана на докторски труд (46 ЕКТС-кредити).

| Семестар | Тип на предмет/активност | Опис на предмет/активност | ЕКТС | Припадност согласно ЗВО |
|---|---|---|---|---|
| Прв | Задолжителен | Етика во научноистражувачката работа од областа | 3 | Организирана академска обука |
| | Задолжителен | Методологија на научноистражувачката работа од областа | 3 | Организирана академска обука |
| | Изборен | Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети | 6 | Организирана академска обука |
| | Задолжителен/Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 | Организирана академска обука |
| | Задолжителен/Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 | Организирана академска обука |
| | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 | Организирана академска обука |
| | | **Вкупно** | **30** | |
| Втор | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 | Организирана академска обука |
| | Изборен | Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења | 6 | Организирана академска обука |
| | Задолжителен | Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-проект за докторски труд) | 14 | Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| | Задолжителен | Прва годишна конференција | 4 | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | **Вкупно** | **30** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трети | Задолжителен | Предлог-докторски проект | 27 | Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |
| | Задолжителен | Прв докторски семинар | 3 | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | **Вкупно** | **30** | |
| Четврти | Задолжителен | Изработка на докторскиот труд | 20 | Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект |
| | Задолжителен | Меѓународна мобилност | 6 | Меѓународна мобилност |
| | Задолжителен | Втора годишна конференција | 4 | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | **Вкупно** | **30** | |
| Петти | Задолжителен | Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација | 20 | Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| | Задолжителен | Учество на меѓународен собир | 7 | Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд |
| | Задолжителен | Втор докторски семинар | 3 | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | | **Вкупно** | **30** | |
| Шести | Задолжителен | Трета годишна конференција | 4 | Предавања и друг вид на комуникациски активности |
| | Задолжителен | Одбрана на докторскиот труд | 26 | Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект |
| | | **Вкупно** | **30** | |

# 1. Организирана академска обука

Студентот, во договор со менторот, избира предмети за академска обука (Образец О5-ПАО-Пријава за избор на предмети за академска обука):

- Етика во научноистражувачката работа од областа;
- Методологија на научноистражувачка работа од областа;
- Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети;
- Пет предмети од студиската програма за стекнување напредни знаења.

Избраните предмети се запишуваат во соодветна студентска евиденција и во индексот на студентот.

Промена на избраните предмети се остварува со поднесување молба за промена на предметот, со плаќање надомест утврден со акт на Универзитетот. Одлука за промена на избраните предмети донесува Советот на студиската програма.

Услов за стекнување право за полагање на предметот е присуство на настава/ консултаци.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Потпис од наставникот во индекс;
2. Пријава за положен испит.

## 2. Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)

### 2.1. Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект)-во втор семестар

Услов за доделување на ЕКТС-кредитите е подготовка на предлог-проект за докторски проект во форма на извештај за истражувањата што ќе бидат опфатени во докторскиот труд.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. пријава (Образец О6-ПТДТ-Пријава на тема на докторски труд);
2. Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот;
3. потпис од менторот во индекс.

### 2.2. Предлог-докторски проект - во трет семестар

Предлог-докторски проект е активност што се остварува со пријава на предлог-докторски проект за изработка на докторски труд, опишано во насловот IV.1. Пријава на докторски труд

Услов за доделување на ЕКТС-кредити за реализираната активност е подготовка и поднесување (пријава) на предлог-докторски проект за изработка.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава за изработка на докторски труд (Образец О7-ПППДТ-Пријава на предлог-проект за изработка на докторскиот труд);
2. Предлог-докторски проект за изработка на докторски труд (во електронска форма и 4 печатени примероци: три за Комисијата за оцена на поднесениот предлог-проект за изработка на докторски труд и еден за во досието на студентот, укоричени во спирала, еднострано печатени);
3. потпис од менторот во индекс.

## 3. Меѓународна мобилност

Услов за доделување на ЕКТС-кредитите е реализиран најмалку еднонеделен престој во странство, во текот на докторските студии.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава (Образец О8-ММ-Пријава за реализирана меѓународна мобилност);
2. Писмо, потврда или друг вид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна на домаќинот;
3. потпис од менторот во индекс.

## 4. Предавања и друг вид комуникациски активности

Во „Предавања и друг вид комуникациски активности" се опфатени следните активности, дадени со временски редослед:

- Прва годишна конференција (втор семестар);
- Прв докторски семинар (трет семестар);
- Втора годишна конференција (четврти семестар);
- Втор докторски семинар (петти семестар);
- Трета годишна конференција (шести семестар).

Реализираната активност „Годишна конференција" и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава за годишна конференција (Образец О11-ГК-Пријава за годишна конференција);
2. Записник – потпишан од трочлена комисија (член од Универзитетскиот стручен совет, раководител на студиска програма и ментор);
3. Потпис од раководителот на студиската програма во индекс.

Реализираната активност „Докторски семинар"и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава за докторски семинар (Образец О9- ПДС-Пријава за учество на докторски семинар);
2. Пишан семинарски труд
3. Рецензија на трудот од три члена комисија (ментор и два наставника од потесната област);
4. Потпис од раководителот на студиската програма во индекс.

**4.1. Прва годишна конференција**

Услов за доделување на ЕКТС-кредити е подготовка на краток труд кој содржи преглед на актуелната литература поврзана со истражување на специфична област, како можност за изработката на докторскиот труд и презентација на истиот на првата годишна конференција.

**4.2. Прв докторски семинар**

Услов за доделување на ЕКТС-кредити е подготовка на пишан труд во обем над 5 страници со преглед на елементи од истражувањето поврзни со изготвувањ` е предлог-проект за докторскиот труд и презентирање на истражувачките резултати (О10-СТ-Упатство за изгледот и содржината на семинарскиот труд).

**4.3. Втора годишна конференција**

Услов за доделување на ЕКТС-кредитите е подготовка на презентација за рецензираниот труд од првиот докторски семинар и јавно презентирање на трудот.

**4.4. Втор докторски семинар**

Услов за доделување на ЕКТС-кредити е подготовка на пишан труд во обем над 10 страници каде студентот изнесува елементи од резултатите поврзани со истражувањето и изработката на докторскиот труд и презентирање на истражувачките резултати (О10-СТ-Упатство за изгледот и содржината на семинарскиот труд).

**4.5. Трета годишна конференција**

Услов за доделување на ЕКТС-кредитите е подготовка на презентација за рецензираниот труд од вториот докторски семинар и јавно презентирање на трудот.

# 5. Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд

## 5.1. Објавување во референтни научни публикации

Услов за доделување на ЕКТС-кредити е подготовка и објавување на два труда во референтни научни публикации.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава (Образец О15-2Т-Пријава за признавање ЕКТС за објавени трудови во референтни научни публикации);
2. Два труда во референтна публикација;
3. Потпис од менторот во индекс.

Референтна научна публикација, согласно Законот за високоо образование е:

а) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование;

б) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови;

в) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД;

г) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД;

д) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји;

ѓ) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

## 5.2. Учество на меѓународен собир

Услов за доделување на ЕКТС-кредити е активно учество на најмалку еден меѓународен собир во врска со докторскиот труд.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава (Образец О16-МС-Пријава за признавање ЕКТС за учество на меѓународен собир);
2. Потврда за учество на меѓународниот собир;
3. Извештај од кандидатот, одобрен од менторот;
5. потпис од менторот во индекс.

# 6. Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект

## 6.1. Изработка на докторскиот труд – во четврти семестар

Изработка на докторски труд е активност која се остварува согласно постапката опишана во насловот IV.2. Изработка на докторски труд. Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава (019А- Пријава за признавање кредити за доставување извештај за докторски труд )
2. Извештај од кандидатот, одобрен од менторот;
3. потпис од менторот во индекс.

**6.2. Одбрана на докторскиот труд – во шести семестар**

Одбрана на докторскиот труд е активност која остварува согласно постапката опишана во насловот IV.3. Јавна одбрана на докторски труд. Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува со:

1. Пријава (Образец О19Б-ДДТ-Доставување на докторскиот труд);
2. Барање (Образец О20-ОФКО-Предлог за формирање Комисија за одбрана);
3. Извештај од 5 члена Комисија за одбрана на докторски труд;

## III. ПРЕДАВАЊА И РАБОТИЛНИЦИ

Во текот на студирањето, студентот на може да следи предавања и работилници со покана на истакнати предавачи од државата и странство, организирани од страна на Универзитетската школа на докторски студии.

Оваа активност се реализира во текот на секој семсестар, а термините се утврдуваат со Универзитетската школа на докторски студии.

За реализираната активност не се доделуваат ЕКТС-кредити.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ИЗРАБОТКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИ ТРУД

### 1. Пријава на докторски труд

Услови за пријава на докторскиот труд се остварени 60 ЕКТС-кредити, од кои 42 ЕКТС-кредити од избраните предмети, најмалку 4 ЕКТС-кредити од годишна конференција и 14 ЕКТС-кредити од истражувачка работа под менторство.

Студентот, преку Советот на студиската програма, до Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет, поднесува Предлог-докторски проект за изработка на докторски труд. Кога студиската програма е организирана од две или повеќе факултети/институти, надлежен е Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет на факултетот/институтот од која е раководителот на студиската програма.

Студентот во Одделението за студентски прашања доставува:

1. Пријава за изработка на докторски труд (Образец О7-ПППДТ-Пријава на предлог-проект за изработка на докторскиот труд);
2. Предлог-докторски проект за изработка на докторски труд - во електронска и печатена форма (4 печатени примероци: три за Комисијата за оцена на поднесениот предлог проект за изработка на докторски труди еден за во досието на студентот, укоричени во спирала, еднострано печатени);
3. индекс.

Предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд треба да содржи:

- Наслов на темата;
- Преглед на достигнувањата во научноистражувачката област,поврзани со предметот на истражување;
- Предмет на истражување;
- Цели на истражувањето;
- Образложение на работните хипотези и тези;
- Нацрт на содржината;
- Научни методи кои ќе се применат;
- Очекуван научен придонес;
- Примена на резултатите од истражувањето;
- Список на литература и други извори.
- кога е потребно, се бара и согласност од овластената етичка комисија на соодветниот факултет/институтр на Универзитетот, како и согласност од стручен колегиум или друг надлежен орган на институцијата, каде што ќе се работи докторскиот труд.

Пријавата и Предлогот-докторски проект се разгледува на Советот на студиската програма, а потоа и на Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет, кој формира Комисија за оцена на предлог-докторскиот проект.

Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект се состои од три члена со наставно-научни и научни звања, од кои најмалку два се од соодветната научна област (менторот е член на комисијата) и менторот.

Комисија за оцена на предлог-докторскиот проект од уметностите се состои од три члена и тоа еден член за делот на пишаниот научен труд, еден член за делот на концертната изведба, за делот на сценско-изведувачкото или аудиовизуелното дело и еден член од соодветното поле.

Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект, со образложено мислење, може да го врати предлог-докторскиот проект на студентот за доработка.

Комисијата за оцена на предлог-докторски проекторски труд дава извештај во рок од 3 месеци, во спротивно, по предлог на Советот на студиската програма, се формира нова комисија за оцена.

Извештајот на Комисијата за оцена на предлог-докторскиот проект за изработка на докторски труд, изнесува од 5 до 10 страници, А4 формат, со единечен проред и содржи:

- Име на кандидатот и работен наслов на трудот;
- Образложување на темата, која треба да содржи:
    - Предмет на истражување,
    - Состојба на научноистражувачката област во која се работи докторскиот труд;
    - Цел на изработка на трудот,
    - Очекуван научен придонес;
- Доколку се очекува резултатите да се практично применливи, тоа да се нагласи;
- Заклучок со предлог до Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет и до Советот на студиската програма;
- Оригинални потписи на членовите на Комисијата.

Одлука на Наставно-научниот/Научниот совет/Уметничкиот совет се носи на првата наредна седница. Ако одлуката е за неприфаќање на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд, постапката за стекнување научен степен - доктор на науки се запира. Во овој случај, студентот има право само уште еднаш да поднесе предлог-докторски проект за изработка на докторски труд од истата научно-истражувачка област.

Работниот наслов на предлог-докторскиот проект за изработка на докторскиот труд се објавува во Билтенот на Универзитетот и на веб страницата на факултетот/институтот, на македонски и на англиски јазик.

## 2. Изработка на докторски труд

Докторскиот труд претставува оригинален научен труд, кој, според методологијата на изработка и степенот на научниот придонес, е соодветен за стекнување самостојност на студентот, во идната истражувачка работа. Докторскиот труд треба да е напишан согласно утврдените стандарди (О18-ДТ-Упатство за изгледот и содржината на докторскиот труд).

Конечниот наслов на докторскиот труд, не смее значително да отстапува од работниот наслов. Содржината на докторскиот труд треба да е во согласност со објавениот работен наслов на докторскиот проект.

На студиските програми кои се изведуваат на македонски јазик, докторскиот труд задолжително се пишува на македонски јазик, а може да се пишува и на англиски јазик. На студиските програми кои се изведуваат на англиски јазик, докторскиот труд се пишува на англиски јазик. По исклучок, доколку студиската програма се реализира на јазик различен од македонскиот или англискиот, докторскиот труд се пишува на соодветниот јазик со превод на македонски јазик.

Прилог на докторскиот труд е авторезимето кое се пишува на македонски јазик и на еден од светските јазици.

Услови за поднесување докторски труд се:

- остварени 154 ЕКТС-кредити;
- објавени најмалку два труда во референтна научна публикација;
- од областа на уметноста: јавно изведени или прикажани најмалку две сценско-изведувачки или аудиовизуелни уметнички дела на репертоар во професионален театар, филмски фестивал, изложба, концертна или сценска изведба на солистичко дело, солистички концерт, самостојна изложба на уметнички дела, театарска претстава, филм или радио-телевизиска емисија и друго.

За започнување на постапката за одбрана на докторскиот труд, студентот во Одделението за студентски прашања поднесува:

1. Образец О19Б-ДДТ-Доставување на докторскиот труд;
2. Докторска дисертација во 7 примероци (укоричена во спирала, еднострано печатена);
3. Докторската дисертација во електронска форма;
4. Авторезиме ( О21-ОА-Упатство за изгледот и содржината на Авторезиме);
5. Мислење подготвено од меноторот во слободна форма;
6. Барање (Образец О20-ОФКО-Предлог за формирање Комисија за одбрана);

Барањето за формирање Комисија за одбрана на докторски труд се разгледува на Советот на студиската програма и со образец (О22-ОКО-Предлог за формирање Комисија за одбрана) се доставува до Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет. Потоа се формира Комисија за одбрана. Комисијата за одбрана се состои од пет члена од Универзитетот, од кои најмалку три члена се од Универзитетот од соодветната научно-истражувачка област. Менторот е член на комисијата за одбрана, но не може да биде претседател.

Докторскиот труд мора да биде достапен за јавност, најмалку 15 дена на веб-страницата на факултетот/институтот на која се реализира студиската програма. Во овој рок може да се достават забелешки на докторскиот труд до комисијата за одбрана. Мислењето на Комисијата по забелешките е интегрален дел на извештајот на комисијата.

Рок за изготвување на Извештај на Комисијата за одбрана на докторскиот труд е 3 месеци. Доколку рокот се надмине, Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет, по предлог на Советот на студиската програма, на првата наредна седница формира нова комисија за одбрана.

Должината на Извештајот за оцена на докторскиот труд поднесен од Комисијата за одбрана на докторскиот труд изнесува 10-15 страници, А4 формат, со единечен проред. Извештајот содржи:

- Датум и реден број на седницата на Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет на која е формирана Комисија за одбрана на докторскиот труд, податоци за кандидатот и наслов на трудот;
- Анализа на трудот, која содржи:
    - Податоци за предмет на истражување,
    - Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд,
    - Краток опис на применетите методи,
    - Краток опис на резултатите од истражувањето;
- Заклучок, кој содржи:
    - Главни научни придонеси на кандидатот,
    - Подрачје на примена и ограничувања,
    - Можни понатамошни истражувања,
    - Заклучок со предлог до Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет,
- Оригинални потписи на сите членови на Комисијата (доколку нема издвоени мислења);
- Потпишани издвоени мислења, доколку ги има.

Извештајот на комисијата за одбранана докторскиот труд, пред да биде доставен до Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Во рок од 15 дена од објавувањето, има право во писмена форма да се достават забелешки и предлози во врска со докторскиот труд и извештајот на комисијата за одбрана на докторскиот труд. На седницата на Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет, предмет на разгледување, покрај извештајот на комисијата, е и мислењето на комисијата во врска со пригивирите.

Извештајот се потврдува од Советот на студиската програма и од Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет.

Ако Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет го усвои позитивниот извештај на комисијата за одбрана на докторскиот труд, се закажува јавна одбрана на докторскиот труд. Во средствата за јавно информирање се објавуваат името и презимето на кандидатот за доктор на науки, насловот на докторскиот труд, местото, денот и времето за одбрана, најдоцна 7 дена пред денот утврден за одбрана.

## 3. Јавна одбрана на докторскиот труд

Одбраната на докторскиот труд се одржува најрано 8 дена, а најдоцна 30 дена од денот на одлуката на Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет.

Со одбраната на докторскиот труд раководи претседателот на комисијата за одбрана. Кога комисијата за одбрана ќе утврди дека се исцрпени сите дискусии во врска со докторскиот труд, претседателот на комисијата соопштува дека одбраната е завршена и комисијата за одбрана се повлекува заради донесување одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број и тоа се внесува во записникот за јавна одбрана.

По спроведената постапка за одбрана на докторскиот труд, одлуката може да гласи: кандидатот го одбранил докторскиот труд или кандидатот не го одбранил докторскиот труд.

Во случај кога кандидатот го одбранил докторскиот труд, при што покажал натпросечни резултати во научноистражувачката работа и во изработката на докторскиот труд, може да се доделат следниве почести:

- го одбранил докторскиот труд со почести (cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со големи почести (magna cum laude);
- го одбранил докторскиот труд со сите почести (summa cum laude).

Добиените почести се дел од додатокот на дипломата.

**4. Објавување на докторскиот труд во Збирката дисертации од докторската школа на Репозиториумот на трудови на УКИМ**

Одбранетиот докторски труд се објавува во репозиториумот. Студентот ја предава финалната верзија од својата теза, во електронска форма, до својот ментор, во pdf верзија.
Менторот, како доказ дека станува збор за финалната верзија, потпишува изјава (030 – И – Образец за изјава за репиозиториум) дека приложениот труд е финалниот и истиот може да биде објавен на Репозиториумот.

Менторот му ја испраќа потпишаната изјава на студентот.

Студентот се најавува на својот профил на Репозиториумот и согласно упатството отвора запис за својата докторска теза. При тоа, ги прикачува и pdf документот со тезата, како и потпишаната изјава од менторот.

Одговорниот за одобрување на записите во збирката на докторски тези, врши проверка на изјавата и на тезата, и доколку се е во ред, го потврдува записот со што тезата станува јавно достапна

Доколку одговорниот за одобрување на збирката утврди неправилности, ќе го врати записот на доработка на студентот, со соодветно образложение.

## V. МЕНТОР

Ментор на докторски труд, може да биде редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на факултетот/институтот, редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување или редовен професор во пензија, кој бил во работен однос на факултетот/институтот на Универзитетот. Менторот на докторскиот труд е акредитиран за ментор на докторски студии од страна на Одборот за акредитација.

Листата на ментори е објавена на веб страницата на Универзитетската школа на докторски студии Листата на ментори и на факултетот/институтот.

### 1. Промена на ментор

Барање до Советот на студиската програма за промена на ментор, можат да поднесат менторот и студентот заедно, само менторот или само студентот.

Во случај кога Советот на студиската програма ќе го усвои барањето за промена на менторот:

- студентот треба да избере друг ментор од соодветната листа на ментори,
- да приложи писмена согласност од новиот ментор.
- изборот го потврдува Советот на студиската програма

Ако постои спор помеѓу менторот и студентот во поглед на барањето за промена, Советот на студиската програма ги разгледува и ги утврдува причините за промена.

Во случај кога барањето за промена на ментор поднесено од студентот е усвоено, а на студентот претходно му е прифатен предлог- докторски проект, тој го губи правото на одбрана на прифатениот предлог-докторски проект.

Во таков случај студентот има право да поднесе друг предлог-проект за докторски труд. По исклучок, во случаи кога студентот има согласност од дотогашниот ментор, како и согласност од новиот ментор, има право да продолжи со работа на прифатениот предлог-докторски проект.

Советот на студиската програма донесува одлука за промена на ментор по службена должност, во случај на спреченост на менторот подолга од 6 месеци.

## 2. Коментор

По предлог на студентот и менторот, Советот на студиската програма, може да назначи коментор на студентот од друга студиска програма, како и од друг универзитет во земјата или од странство.

Коменторот од друг универзитет од земјата или од странство, треба да ги исполнува условите за ментор. Одлука за исполнување на условите на коменторот од странство, донесува Советот на студиската програма, согласно условите утврдени со закон.

За започнување на постапката за назначување коментор, студентот во Одделението за студентски прашања поднесува:

- Образец 03А - КМ - Предлог за назначување коментор
- Образец 03Б - СКМ - Согласност од коментор)

# VI. СТУДИРАЊЕ

## 1. Рок за завршување на студиите

Рокот за завршување на студиите, т.е да го одбрани докторскиот труд изнесува 6 години од денот на почетокот на семестарот во кој студентот се запишал на трет циклус студии - докторски студии.

По истекот на овој рок, студентот го губи статусот на студент на докторски студии. По исклучок, кога условите на истражувањето бараат подолго време, на барање на студентот и пред истекот на рокот за студирање, Советот на студиската програма може да го продолжи рокот, соодветно на потребите, но не повеќе од 2 години.

За студентите запишани на докторски студии кои не одбраниле докторски труд во рок од 6 години сметано од денот на запишувањето до 31.12.2020 година, Наставно-научниот/Научниот/Уметничкиот совет со одлука го утврдуваат рокот за завршување на студиите, односно одбрана на докторски труд.

## 2. Измена на студиската програма

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиска програма, студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на нови студиски програми.

## 3. Мирување на докторските студии

Студентот може да побара мирување на студиите, со приложување на соодветна документација од Советот на студиската програма.

Основи за мирување на докторските студии се:

- за време на бременост;
- на студент со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржувањето на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС-кредити;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на Република Северна Македонија;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;
- во други случаи за чија оправданост одлучува Советот на студиската програма.

Одлука за мирување на докторските студии донесува Советот на студиската програма.

За време на мирувањето на студиите, не тече рокот рокот за завршување на студиите.

Доколку за време на мирување на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма

За време на мирување на студиите, студентот може да полага испити доколку за полагањето на тие испити ги исполнил условите.

Доколку студентот не го активира мирувањето ниту запише семестар, му престанува статусот студент.

## 4. Изгубен статус студент на докторски студии

Лицето кое го изгубило статусот на студент на докторски студии, може повторно да конкурира за запишување на докторски студии. На кандидатот на кој му е одобрено повторно запишување, може да му се признаат положените испити и реализираните активности и на докторски студии, за што одлука донесува Советот на студиската програма.

При повторно запишување, студентот плаќа полн износ на школарина, намален за износ што одговара на бројот на претходно признаените кредити од советот на студиската програма.

## 5. Студент гостин

Студент гостин, може да биде студент запишан на докторски студии на друг универзитет во земјата и од странство, кој запишува дел од активностите од студиска програма. Студентот гостин, може да запише активности од различни студиски програми.

Студентот гостин, поднесува барање за добивање на статус студент гостин, најмалку еден месец пред почетокот на семестарот. Во барањето ја наведува студиската програма и активностите кои бара да ги запише.

Реализираните активности се евидентираат во индексот и досието на студентот.

На студентот гостин, му се издава уверение за реализирани активности и стекнати ЕКТС-кредити.

## 6. Студентска анкета

Студентите задолжително на крајот на вториот, четвртиот и шестиот семестар пополнуваат студентска анкета за функционирањето на студиската програма.

Анкетата за вториот семестар се спроведува со користење на образецот 028 – СА2 – Образец за студентска анкета во втор семестар.

Анкетата за четвртиот, односно шестиот семестар се спроведува со користење на образецот 029 – СА6 – Образец за студентска анкета во четврти и шести семестар.

## VII. НАУЧЕН НАЗИВ И ДИПЛОМА

Студентот кој одбранил докторски труд се стекнува со научниот степен доктор на науки (dr.sc, PhD) од соодветното научноистражувачко поле од прво и второ ниво, односно доктор на уметности (dr.art).

Научниот назив со кој се стекнува кандидатот е дефиниран во студиската програма, според која кандидатот ги завршил докторските студии.

По одбраната на докторскиот труд се издава уверение за завршени докторски студии и диплома.

Дипломата се доделува на свечена промоција. Кандидатот за промовирање добива покана со терминот на одржувањето на промоцијата. Со поканата добива и известување за сценариото по кое се одвива свечениот чин на промовирање.

**Универзитетски стручен совет за докторски студии**
**Претседател**
**Проф. д-р Христина Спасевска**